**Поважни настани:**

- **САД: Засилени очекувања за затегнување на монетарната политика на следниот состанок**
- **Обединето Кралство: Позитивни економски показатели**
- **Еврозона: Нови политички предизвици**
- **Кина: Стабилни економски остварувања**

**Во неделата што следуваше по претседателските избори во САД, податоците за американската економија беа позитивни, така што се засилија очекувањата дека ФЕД ќе ги зголеми каматните стапки на декемврискиот состанок.** Пазарот на недвижности имаше добри остварувања, при неочекувано силен месечен раст (25,5%) на започнатите градби на куќи и нагорна корекција на бројот на издадени дозволи за градба во октомври. Покрај тоа, во истиот месец и трговијата на мало имаше солиден раст, што посочи на позитивни движења на личната потрошувачка во последниот квартал од годината. Во октомври, стапката на инфлација се зголеми од 1,5% на 1,6%, под влијание на цените на енергијата, постепено доближувајќи се до инфлацискиот таргет на ФЕД (2%). Високофреквентните податоци за пазарот на труд, односно првичните пријави за социјална помош неочекувано забележаа најниско ниво од 1973 година, сведувајќи се на 235 илјади во неделата до 12 ноември. Со тоа, овој показател се задржа под прагот од 300.000 без прекин цели 89 недели. Единствено индустриското производство во октомври не забележа месечна промена, најмногу бидејќи потоплото време ја намали потребата од огрев, а производствената активност во регионот Филаделфија, мерена преку показателот Филаделфија ФЕД, во ноември се намали позначително во однос на очекувањата. Сепак, овој показател посочува дека производствената активност и понатаму умерено расте, при што подиндексите за активноста, новите порачки и испораките се позитивни.

Во обраќањето на Џенет Јелен пред Економскиот комитет (Joint Economic Committee) на Конгресот беше сигнализирано дека ФЕД е близу до зголемување на каматните стапки и дека идните зголемувања ќе се одвиваат постепено. Воедно, Јелен истакна дека има намера да остане на сегашната позиција заклучно со јануари 2018 година, кога завршува нејзиниот мандат. И коментарите на претставниците на ФЕД, Даниел Тарули и Ерик Розенгрин, упатија на тоа дека ФЕД ќе преземе чекор во насока на затегнување на политиката на декемврискиот состанок, а Розенгрин посочи и дека приспособливата фискална политика би довела до побрзо зголемување на каматните стапки.

**Поволните показатели преовладуваа и во Обединетото Кралство.** Стапката на невработеност неочекувано падна на најниско ниво во последните 11 години (од 4,8%) во третиот квартал, со што се намали загриженоста по гласањето на Брегзит. Трговијата на мало во октомври забележа повисок раст од очекувањата (2%, наспроти 0,4%).

**Во Европа преовладуваа битни политички информации за одделни земји.** Неизвесноста во *Германија* од тоа дали канцеларката Ангела Меркел повторно ќе се кандидира за функцијата беше надмината со нејзината објава дека ќе учествува на сојузните избори следната година. Во *Италија*, премиерот Матео Ренци изјави дека владата би се распуштила доколку на референдумот мнозинството гласови се против реформата на Сенатот (како што посочуваат анкетите), што би било проследено со преговори околу нова влада, и главно, дека би се очекувала променливост на пазарите две недели по референдумот. Пазарните учесници со внимание го следеа и првиот круг од изборот на претседателски кандидат од Републиканската партија во *Франција*, на кој победи Франсоа Филон, пред Ален Жупе и Никола Саркози. Кандидатурата на Филон ќе зависи од исходот од вториот круг. Во *Грција* започнаа новите преговори со меѓународните кредитори околу наредниот тек на спроведувањето реформи, за кои грчката влада се надева дека ќе завршат до 5 декември. Во тој контекст, и преструктурирањето на владиниот кабинет во претходниот период имаше за цел забрзување на реформскиот процес.

Со втората процена за БДП во еврозоната беше потврден растот од 0,3% за третиот квартал, односно растот од 1,6% на годишна основа, што беше во согласност со пазарните очекувања. По одделни земји, кварталниот раст на БДП на Португалија од 0,8% значајно ги надмина пазарните очекувања (од 0,3%), а економската активност во Шпанија забележа раст од 0,7%. Истовремено и БДП во Италија забележа раст над очекувањата (0,3%), растот на Франција изнесуваше 0,2%, додека растот на БДП на Германија од 0,2% беше послаб од пазарните очекувања.

Како што се очекуваше, претседателот Марио Драги во својот говор пред Европскиот банкарски конгрес во Франкфурт истакна дека економската активност во следните неколку години во голема мера ќе биде поддржана од стимулативните монетарни мерки. Објавениот записник од последниот состанок на ЕЦБ покажа дека ЕЦБ преферира извесен период да се задржи тековната поставеност на монетарната политика.

**Економските остварувања во Кина посочија на стабилен раст на БДП во последното тримесечје од годината.** Порастот на трговијата на мало остана висок во октомври, и покрај умереното забавување, од 10,7% на 10%. Во истиот месец, индустриското производство се зголеми за 6,1%, што претставува иста стапка како и во септември. Ваквите остварувања на индустриската активност делумно се одраз на закрепнувањето на

инвестициската потрошувачка. Имено, растот на инвестициите во фиксни средства забрза од 8,2% на 8,3% во првите десет месеци од годината, на збирна основа.

## Позначајни пазарни движења

И оваа недела САД-доларот силно апрецира во однос на еврото, достигнувајќи ниво од 1,0588 САД-долари за евро, цената на златото се намали за 3,9%, а приносите на американските државни обврзници продолжија да се зголемуваат, во услови на речиси целосно калкулирање од страна на пазарите дека во декември ФЕД ќе ги зголеми каматните стапки. Сепак, според одделни пазарни аналитичари[1], растот на приносите повеќе се должи на очекувањата за значително намалување на даноците, што би значело и зголемен буџетски дефицит и јавен долг и следствено, повисока понуда на државни обврзници, отколку на повисоките инфлациски притисоци. Од друга страна, приносите на државните обврзници во еврозоната се намалија под влијание на согледувањата за задржување на стимулативната монетарна политика. Централната банка на Јапонија понуди неограничен откуп на државните хартии од вредност на краткиот рок во обид да ги одржи приносите на ниско ниво. По воведувањето на „контролата на кривата на принос", централната банка за првпат ја употреби оваа можност, како одраз на загриженоста околу растот на приносите на државните обврзници[2]. Цената на нафтата се зголеми од 43,8 на 45,9 САД-долари за барел, главно во исчекување на исходот од состанокот на ОПЕК во Виена на 30 ноември, а потоа и на напорите на Катар, Алжир и Венецуела во насока на постигнување согласнот помеѓу производителите за ограничување на производството.

## Селектирани пазарни показатели

| | 11.11. | 18.11. | неделна промена |
|---|---|---|---|
| DAX индекс | 10,668 | 10,665 | 0.0% |
| S&P индекс | 2,164 | 2,182 | 0.8% |
| Euribor 3m (%) | -0.312 | -0.313 | -0.1 |
| USD Libor 3m (%) | 0.9057 | 0.9162 | 1.1 |
| Bund 10y (%) | 0.31 | 0.27 | -3.6 |
| UST 10y (%) | 2.15 | 2.35 | 20.5 |
| EUR/USD | 1.0855 | 1.0588 | -2.5% |
| Злато ($/Oz) | 1,256 | 1,206 | -4% |
| Нафта (Brent, $/barrel) | 43.8 | 45.9 | 5% |
















**Приноси во евро-зона и САД**

| | EUR 6M | EUR 2Y | EUR 5Y | EUR 10Y |
|---|---|---|---|---|
| 11.11. | -0.71 | -0.60 | -0.33 | 0.31 |
| 18.11. | -0.67 | -0.67 | -0.37 | 0.27 |
| неделна промена (б.п.) | 4.3 | -6.8 | -3.3 | -3.6 |
| | **USD 6M** | **USD 2Y** | **USD 5Y** | **USD 10Y** |
| 11.11. | 0.58 | 0.92 | 1.56 | 2.15 |
| 18.11. | 0.61 | 1.07 | 1.80 | 2.35 |
| неделна промена (б.п.) | 2.5 | 15.3 | 24.0 | 20.5 |

## Календар за периодот 21 ноември – 25 ноември 2016 година

| Понеделник 21.11 | Вторник 22.11 | Среда 23.11 | Четврток 24.11 | Петок 25.11 |
|---|---|---|---|---|
| / | **Еврозона** – доверба на потошувачите (октомври)<br>**САД** – продажба на постојни објекти за домување (октомври) | **Еврозона** – композитен индекс ПМИ (ноември)<br>**САД** – порачки на трајни добра, продажба на нови објекти за домување (октомври) | **Германија** – показател за деловната клима ИФО (ноември), БДП по компоненти (кв. 3), доверба на потрошувачите (декември)<br>**Франција** – показател за деловна клима (ноември)<br>**САД** – првични барања за социјална помош (недела до 19 ноември)<br>**Јапонија** – стапка на инфлација (октомври)<br>*Записник од состанокот на ФЕД на 2 ноември* | **Франција** – доверба на потошувачите (ноември)<br>**Велика Британија** – БДП по компоненти (кв.3) |

[1] BNP Paribas, 18th Nov. 2016.

[2] На почетокот на неделата, приносите на 10-годишните државни обврзници во Јапонија влегоа во позитивната зона за првпат од септември наваму.